**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

## ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: „Даме Груев", бр. 14 во Скопје, има потреба од набавка на услуга-користење на интегрирана податочна инфраструктура (платформа како услуга) за поддршка на работењето на трезорскиот информационен систем во период од 3 (три) години.

За таа цел, Министерството за финансии спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка во согласност со член 64, став 2 и член 121, став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија", бр.136/07, бр.130/08, бр.97/10 и бр.53/2011), за што објави оглас број 06/2011.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет за јавна набавка најдоцна до **13.02.2012 година, до 12,00 часот,** по пошта на горенаведената адреса или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии, на адреса ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин", бб, Скопје (поранешна НИП „Нова Македонија").

Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следниве делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Молиме, при изготвувањето на понудата економските оператори да ги користат оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација.

Тендерската документација е достапна во електронска форма на веб страната: https://e-nabavki.gov.mk и секој заинтересиран економски оператор може да ја преземе бесплатно. Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на следната електронска адреса: **tris.nabavki@finance.gov.mk,** контакт телефон 3106-366.

Сите одговори на поставени прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација договорниот орган ќе ги достави до економските оператори кои презеле тендерска документација, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување. Исто така, и евентуалните измени на тендерската документација договорниот орган ќе ги достави до економските оператори кои презеле тендерска документација, а измените ќе бидат објавени и на веб страната https://e-nabavki.gov.mk.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **13.02.2012 година,** во **12,00** часот, во просториите на Министерството за финансии на Република Македонија, со адреса на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин " - бб, Скопје (поранешна НИП "Нова Македонија"), I кат, во салата за состаноци.

Заедно со понудата задолжително се доставува банкарска гаранција на понудата во износ од 3% од вкупната вредност на понудата за надомест на услугата, без вклучен данок на додадена вредност.

Благодариме за соработката!

**Комисија за јавни набавки**
**Претседател,**
**Лилјана Ѓуровска**

**Скопје, 26.12.2011 година**